20252675161

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 56 ставот 1 точката 3, а во врска со членот 54 ставот1 точката 8 и членот 63-а, 63-б и 63-в од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 77/2021, 285/2021, 60/2023, 154/2023, 209/2023, 144/2025 и 154/2025), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на седницата одржана на 19 ноември 2025 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ ЦЕНИ НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА

Член 1

Во Правилникот за утврдување начин и методологија за утврдување цени на ортопедски и други помагала („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130 од 27.6.2019 година, 206/2023), членот 14 се менува и гласи:

„Референтните цени се усогласуваат најмалку еднаш годишно или врз основа на направена ревизија на цените по претходно добиена:

- пониска понудена цена за истовидно ортопедско или друго помагало,
- цена утврдена по спроведена постапка за јавна набавка (тендер), согласно Законот за јавни набавки во јавни здравствени установи или
- цена документирана со валидна фискална сметка издадена од овластен правен субјект кој врши промет на мало на ортопедски и други помагала согласно Решение за дозвола за работа во мрежата на здравствени установи издадено од Министерството за здравство, Агенцијата за лекови, со Листа на здравствени услуги за снабдување, складирање, чување и продажба на медицински помагала на поединечни корисници.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”, а ќе се објави по добивањето согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-26218/21
19 ноември 2025 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Дритан Дauти, с.р.